**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ**
**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ**

MFS

Број __________
________ 2017 год.
Скопје

# Д О Г О В О Р

за уредување на меѓусебните права и обврски помеѓу студент запишан на втор циклус на студии и Машински факултет во Скопје

Склучен помеѓу:

1. Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Машински факултет - Скопје, со адреса на ул. Руѓер Бошковиќ б.б., застапуван од Деканот проф. д-р Дарко Данев (во понатамошниот текст: Факултетот) и

2. ________________________________________ со ЕМБГ ______________________, со адреса на живеење ____________________________________________________________, (во понатамошниот текст: Студентот).

Член 1

Со овој Договор се уредуваат меѓусебните права и обврски во остварувањето на наставно-образовниот процес и на правата и обврските од студиите, помеѓу Факултетот и Студентот, кој на Машински факултет во Скопје е запишан во категоријата на редовни студенти на втор циклус на студии кои сами ги поднесуваат трошоците за студирање во учебната **2017/2018** година.

Член 2

Студентот, со запишување во зимски семестар на студиска програма ____________________________________________ на втор циклус студии, се стекнува со статус на редовен студент на Факултетот и студира според одредбите на кредит-трансфер системот.

Член 3

Студентот, за студирање во категоријата на редовни студенти на втор циклус на студии кои сами ги поднесуваат трошоците за студирање и според одредбите на кредит-трансфер системот плаќа надоместоци утврдени со акти на Факултетот.

Надоместокот за студирање во висина од **2300 Евра** студентот го поднесува во текот на целокупното студирање, без право на ослободување или намалување.

Студентот износот на надоместокот за студирање може да го плаќа на најмногу четири еднакви рати, а доколку е дозволено и на повеќе рати. Плаќањето се врши при упис на секој семестар на следниов начин:

- 800 Евра при упис на прв семестар

- со пријавата на тема за Магистерска работа студентот треба да има уплатено најмалку 1800 Евра, а при поднесувањето на Барањето за формирање комисија за оцена на магистерскиот труд студентот треба да ја има уплатено вкупната сума од 2300 Евра.

Pla}aweto na nadomestokot izrazen vo evra se vr{i vo denarska protivvrednost spored sredniot kurs na Narodna Banka na R. Makedonija {to va`i na denot na pla}aweto.

Член 4

Студентот, правата и обврските од статусот на редовен студент ги остварува согласно со Закон, актите на Универзитетот и на Факултетот.

Студентот е должен редовно да ги исполнува студиските обврски кои произлегуваат од студиските и предметните програми на втор циклус на студии, како и административните обврски од студиите.

Студентот има право да ги заврши студиите според условите на студиската програма на која се запишува и да го задржи статусот на студент на Факултетот, за време, односно во рокови кои се пропишани со закон, Статутот на Универзитетот и акти на Факултетот.

Член 5

Факултетот има обврска на Студентот да му обезбеди услови за редовно студирање во остварувањето на наставно-образовниот процес и за остварување на правата и обврските стекнати со статусот на студент, во согласност со одредбите од кредит-трансфер системот и режимот на студии утврден од Факултетот.

Член 6

Договорот има важност за времетраење на студиите на студентот.

Важноста на договорот престанува со губење на статусот на студент по било кој основ утврден со закон и акти на Универзитетот и на Факултетот.

Член 7

Студентот нема право на враќање на надоместоците кои ги плаќа во текот на студиите, како една од обврските пропишани за регулирање на статусот на студент, во сите случаи на престанок на важноста на договорот од член 6 став 2.

Член 8

Се што не е уредено со овој Договор и со актите на Универзитетот и на Факултетот со кои е уредена оваа материја, ќе се применуваат одредбите од Законот за високото образование и актите на Универзитетот и на Факултетот.

Член 9

Во случај на спор по овој Договор, за се што договорните страни не можат да го решат спогодбено, во духот на меѓусебна соработка и доверба, ќе решава надлежниот суд во Скопје.

Член 10

Овој Договор се смета за склучен со денот на потпишувањето од страна на двете договорни страни.

Член 11

Договорот е склучен во два (2) еднакви примероци од кои еден (1) за Факултетот и еден (1) за Студентот.

Студент

__________________

Д е к а н

Проф. д-р Дарко Данев